# ВОВЕД

Оваа дисертација ги истражува правилните решенија во поучувањето на граматичките структури од наставникот и во нивното изучување од учениците. Цел на ова истражување се граматичките структури во учебниците по Англиски јазик во предметна настава во Република Македонија претставени преку морфолошки приказ на менливите и неменливите зборови, и тоа: именки, заменки, придавки, броеви, глаголи, прилози, предлози и сврзници. Иако е граматиката структуриран систем, постојат голем број исклучоци.

Одличното познавање на граматиката на јазикот претставува огромна предност. Наставникот кој поучува јазик треба на индивидуален начин своето знаење да им го пренесе на учениците. Сепак, овој процес, во голема мера, е под влијание на различни пристапи во наставата. Од одлуката на наставникот за изборот на соодветните пристапи во поучувањето на граматиката, зависи и подобрувањето или влошувањето на образовната практика при изучување на јазик.

Во овој труд се прави обид да се даде една сеопфатна слика за изучувањето на граматичките структури преку морфолошки преглед на менливите и неменливите зборови и зборовни групи, и тоа: именки, заменки, придавки, броеви, глаголи, прилози, предлози и сврзници. Наставните пристапи се од голема важност и тие се под влијание на разни граматички парадигми во наставата по Англиски јазик, како и под влијание на основните теории за конгнитивнте процеси. Во ова истражување се опфатени четири намерно избрани учебници по Англиски јазик кои се во употреба во предметната настава. Исто така, земени се предвид голем број искуства од наставници кои својата настава ја реализираат според овие учебници, но и од научни истражувачи кои го привлекуваат вниманието во текот на последнава деценија. На тој начин, добиените информации обезбедуваат основа да се извлечат заклучоци за учеството на граматикатата во изучување на Англискиот јазик и да се покажат основните импликации во наставата по Англиски јазик како странски јазик (TEFL).

Според тоа, оваа дисертација си поставува за цел да ја испита тековната состојба во наставата по граматика, преку истражување на различни пристапи и психолингвистички фактори, како и ефектот на граматичките парадигми. Во дисертацијата се прави обид да се открие како наставниците по Англиски јазик влијаат на својата наставна практика и како се однесуваат тие кон релативната неуспешност или успешност при поучувањето на странски јазик, посебно во делот граматика.